**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2, чл.110 и чл.115 од Изборниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **31.01.2019** година донесе:

# У П А Т С Т В О
## за важечки и неважечки гласачки ливчиња

1) ***Гласачкото ливче е важечко ако е во согласност со член 110 од Изборниот законик.***
2) ***За важечко гласачко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за која листа на кандидати избирачот гласал.***
3) ***Гласачкото ливче е неважечко ако не е пополнето или има заокружено повеќе листи на кандидати или кандидат.***

Гласачкото ливче е важечко ако е ***заокружен*** редниот број пред подносителот на листата, односно редниот број пред кандидатот за којшто се определил да гласа.

Избирачот гласањето го врши зад параванот на тој начин што ***заокружува*** еден од понудените кандидати, исклучиво со хемиско пенкало со мастило во сина боја и гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање.

За важечко гласачко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за која листа на кандидат гласа.

При утврдувањето на тоа што претставува ***„сигурен и недвосмислен начин"*** треба да се појде од тоа на кој начин е пополнето гласачкото ливче, односно дека избирачот со заокружување јасно ја изразил волјата дека гласал само за еден кандидат.

Сигурен и недвосмислен начин на изразување на волјата на избирачите претставува гласачко ливче на кое избирачот го заокружил:

- Името и презимето на кандидатот/носител на листа;
- Симболот на подносителот на листата;
- Редниот број пред подносителот на листата, името и презимето на кандидатот/носителот на листата и симболот на подносител на листата заедно, но во рамките на една листа.

Гласачкото ливче е ***неважечко*** ако не е пополнето на начин предвиден со Изборниот законик и ова Упатство, ако е прецртано делумно или целосно, ако се заокружени повеќе листи на кандидати, ако бројот на гласачкото ливче не е соодветен на бројот на гласачкото место каде се гласа, ако гласачкото ливче нема печат на предната страна и секое друго гласачко ливче на кое волјата на избирачот не е изразена на јасен и недвосмислен начин.

Ова упатство влегува на сила со денот на неговото донесување и истото ќе биде објавено на интернет страната на Државната изборна комисија.

**Број** 08-275/1
**01.02.2019 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**